

## ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во изминатиот период за прв пат асфалт добија 4 улици во с.Карбинци, обиколницата во с.Карбинци, улица во с.Нов Караорман, улица во с.Таринци, пристапна улица и училишниот двор во с.Парналија, дел од патот с.Радање-с.Оџалија и една улица во с.Горни Балван.

Во периодот кој следи нов асфалт ќе добијат 8 нови улици и тоа 3 улици во с.Радање, 2 улици во с.Козјак, улица во с.Аргулица и 2 улици во с.Кучица за кои е распишана јавна набавка.

Создаваме сериозна основа и вложуваме за понатамошен развој на општина Карбинци како никогаш досега, за тоа говорат реализираните проекти и видливите промени во нашата општина!

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ ЗА НАБАВКА И МОНТАЖА НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ

Јавниот повик за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди во висина од 30% од вредноста на инвертер клима уредот за граѓаните на општина Карбинци е објавен од 01.05.2024 година и ќе трае заклучно со 31.08.2024 година.

Засега имаме добар одзив од граѓаните, ги повикуваме останатите кои сакаат да аплицираат навремено да ги доставаат потребните документи и поднесат барање запазувајќи го дадениот рок!



## "МОДАР МОСТ"
### С.КРУПИШТЕ

Проблемот со таканаречениот „модар мост" во село Крупиште после долги години е решен со интервенција на општина Карбинци.
Иако каналот за наводнување кој е целосна сопственост на управата за водостопанство, не наоѓаа на слух кај земјоделците за овој проблем кои со години импровизираа за да немаат губитоци на вода за наводнување на оризовите полиња.



## РЕПРОЦЕНКА НА ДАНОК НА ИМОТ

Репроценка на данокот на имот е обврска на општината но и потреба за граѓаните.
Започнува проектот за репроценка на имот кој во Карбинци не е направен 15 години. Со ова жителите ќе добијат вистинска вредност на сопствениот имот а општината податоци кои се важни за планирањето на сопствените приходи.

Со посредство на УСАИД овој проект ќе биде реализиран во следните 6 месеци.



# ОПШТИНА КАРБИНЦИ
### ДЕЛ ОД
## НОВ ПРОЕКТ
### НА ВЛАДАТА

Општина Карбинци дел од проектот на новата влада, една од најголемите инвестиции до сега во делот на обновливите извори на енергија во регионот!

Новата влада најави 450 милиони евра инвестиција во парк на ветерници што ќе биде сместен помеѓу 3 општини, Карбинци, Радовиш и Штип, каде потенцијалот за ваков тип на инвестиција е голем!

➡ Планирано е инсталирање на 55 ветерници што ќе произведуваат 1.000.000 мегават часови.

➡ Оваа инвестиција ќе отвори нови 630 работни места.

➡ Со завршување на овој проект 100 000 македонски домаќинства ќе можат да се снабдат со електрична енергија од овие ветерници.

Со оглед на обемноста на проектот, се очекува изградбата да започне во втората половина на 2025 година.

Ќе работиме напорно за да ги оствариме нашите ветувања!







## ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# МЕСЕЧЕН ИНФОРМАТОР

ЈУЛИ, 2024

WWW.KARBINCI.GOV.MK